Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 20.01 2020 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година**

Член 1

Се донесува Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Број** 02-514/5
20.01.**2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

**Скопје, јануари 2020г.**

СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 3

2. ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ДЕТАЛИ 3

3. ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ 4

4. ПРОГРАМИ НА ФОНДОТ ........................................ 5

4.1. План за економски раст, Столб III ........................................ 5

4.2. Проект за развој на вештини и иновации ........................................ 7

4.3. Програма за рурален развој ........................................ 9

5. ДРУГИ ПРОГРАМИ НА ФОНДОТ 10

5.1. Фонд за мезанин и еквити инвестиции (во понатамошниот текст "ФЕМИ") .. 10

5.2. Научно-технолошки парк ........................................ 11

5.3. Национална канцеларија за трансфер на технологии........................................ 12

6. ПАРТНЕРИ 12

6.1. Партнерство со домашни институции и организации........................................ 12

6.2. Соработка со меѓународни партнери ........................................ 13

7. ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 15

8. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ 16

9. ОРГАНИЗАЦИЈА 16

9.1. Организациска структура........................................ 16

9.2. Управување ........................................ 18

10.НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА 21

11.ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 22

12.ЗАКЛУЧОК 24

13. ПРИЛОЗИ 26

## 1. ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) е правно лице основано според Законот за иновациска дејност. Визијата на Фондот е да биде централна институција за развој и спроведување на националната политика за иновации и технологии и во националниот иновациски систем, за постигнување на општествени и економски придобивки. Мисијата на Фондот е поттикнување и поддршка на иновациска дејност кај микро, мали и средни, ново-основани претпријатија како и забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на компаниите.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година Фондот ги реализираше планираните активности според динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2018 година и Годишниот финансиски план за 2018 година.

## 2. ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ДЕТАЛИ

Фондот е регистриран во Централниот Регистар на Република Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Органи на управување на Фондот се:
- Управен одбор;
- Комитет за одобрување на инвестиции и
- Директор

Владата на Република Македонија ги именува членовите на управните органи и директорот.

Членови на Управен одбор на Фондот се:
- Моника Јованова - дипломиран преведувач и толкувач од македонски на албански јазик и обратно - претседател
- Дафина Гешоска - дипломиран економист
- Бранко Ничота - дипломиран инженер по електротехника и телекомуникации
- Димитрија Анѓелковски - дипломиран економист
- Весна Милетиќ - дипломиран професор по одделенска настава
- Дритон Зибери - дипломиран правник
- Пиштар Лутфиу - магистер по политички науки

Во текот на 2018 година, со решение бр. 24-5663/1 од 29.05.2018 година за член на Управниот одбор на Фондот беше именуван Дритон Зибери.

Додека пак, со решение бр. 24-6688/1 од 03.07.2018 година од должноста член на Управен одбор на Фондот беше разрешена Цанка Чолакова Мичовска, а именуван Пиштар Лутфиу.

Членови на Комитетот за одобрување на инвестиции се:
- Кларис Бехар Молад - доктор на науки по глобален бизнис менаџмент - претседател
- Дон Левис - магистер по бизнис и администрација
- Никос Георгоулас - магистер по бизнис и администрација и финансии
- Глигор Ташковиќ - магистер по бизнис и администрација
- Ави Сахи - магистер по бизнис и администрација.

Директор на Фондот за иновации и технолошки развој е Јован Деспотовски, дипломиран економист.

## 3. ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ

Основните задачи на Фондот се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика;
- професионални и други работи во врска со прибавување на средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење на база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции;
- основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување на статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции;

- вложување на почетен капитал за формирање на приватен фонд и
- следење и евалуација на проектите на кои им се доделени средства, со цел развивање на претприемничко општество во Република Македонија.

Во текот на 2018 година, Фондот своите задачи ги исполнуваше преку:
- доделување на кофинансирани грантови за раст на новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
- доделување на кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- доделување на кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели");
- кофинансирани грантови за микро претпријатија;
- доделување на кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста;
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојните и/или иновациските проекти на старт-ап претпријатија, преку обезбедување на кофинансирани грантови за деловно-технолошки акцелератори;
- кофинансирани грантови за технолошка екстензија и
- тематски натпревари и предизвици.

Фондот во текот на 2018 година остваруваше приходи од:
- средства од Буџетот на Република Македонија;
- средства во износ од 1% од вкупните средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој;
- Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за проектот за развој на вештини и иновации;
- средства од Фонд за еквити и мезанин инвестиции;
- донации;
- приходи од комерцијализација на иновации (ројалти);
- други извори во согласност со закон.

Во продолжение е прикажан дел од основните програми/проекти на Фондот, во подготовка или во тек на реализација.

## 4. ПРОГРАМИ НА ФОНДОТ

### 4.1. План за економски раст, Столб III

Фондот, како носител на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст: "ММСП"), а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, започна со

активности поврзани со спроведување на Планот. Станување збор за Предлог мерки за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија и тоа: (а) Поддршка на МСП со тенденција на брз пораст („Газели“), (б) Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за микро претпријатија, (в) Поддршка на МСП за подобрување на иновативноста, (г) Поддршка за стручно усовршување и пракса за новоработени млади лица и (д) Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „Бизнис ангели“.

На 28.04.2018 година Фондот распиша јавен повик со кој беа опфатени четири инструменти за финансиска поддршка преку кои се спроведуваат мерките од третиот столб на Планот за економски раст и тоа:

- Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“);
- Кофинансирани грантови за микро претпријатија;
- Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста и
- Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на новоработени млади лица

Аплицирањето за овој повик беше електронски. Повикот траеше до 11.06.2018 година и пристигнаа вкупно 228 апликации од кои:

- за инструментот Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“), пристигнаа вкупно 27 апликации
- за инструментот Кофинансирани грантови за микро претпријатија, пристигнаа вкупно 4 апликации
- за инструментот Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста, пристигнаа вкупно 197 апликации
- за инструментот Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за новоработени млади лица немаше поднесени апликации.

Од вкупниот број на пристигнати апликации одобрени за финансирање беа вкупно 135 предлог-проекти со вкупен буџет од 1.774.222.245,00 денари, од кои кофинансирање на ФИТР изнесува 1.010.742.993,00 денари, а сопствено кофинансирање од страна на компаниите изнесува 763.479.252,00 денари. До крајот на 2018 година беа потпишани вкупно 86 договори со корисници од повикот поврзан со мерките од третиот столб на Планот за економски раст. Потпишувањето на договорите продолжува и во 2019 година.

Донесувањето на новиот Правилник за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој беше во насока на обезбедување услови за негова подобра имплементација, како и надминување на недостатоците кои се покажале во досегашната пракса на Фондот при неговата реализација. Имено, досегашната пракса (по спроведени четири јавни повици) покажа дека постои голем интерес и обем на поднесени апликации по инструментите за поддршка на Фондот и дека постои одолговлекување на процесот на одлучување. Тоа резултираше со потребата од дополнителна техничка и стручна поддршка при евалуирањето на предлог-проектите и распределување на работата на

Комитетот и беше иницирана постапка за измена на постојната процедура за евалуација на предлог-проектите преку вклучување на стручни лица за евалуација (домашни и странски експерти). Стручните лица се избираат од Регистарот на стручни лица на Фондот. Со цел проширување и збогатување на регистарот со експерти од повеќе области, Фондот на 25 мај објави јавен повик за избор на стручни лица за оценување предлог-проекти во рамки на Столб 3 од Планот за економски раст на Влада на Република Македонија. Рокот за аплицирање на јавниот повик траеше до 2 јуни 2018г. Префрлувањето на надлежноста за оценување во фазата на предселекција од Комитетот за одобрување на инвестиции на Стручните лица за евалуација беше во насока на намалување на обемот на работа на Комитетот за одобрување на инвестиции и зголемување на квалитетот на донесените одлуки.

### 4.2. Проект за развој на вештини и иновации

Целта на Проектот за развој на вештини и иновации беше/е да се подобри транспарентноста на распределувањето на ресурсите и да се унапреди отчетноста во високото образование, да се подобри релевантноста на средното техничко стручно образование и да се поддржи капацитетот за иновации во земјата.

Реализацијата на Проектот во износ од 17.7 милиони евра го сочинуваат следните делови:

1) подобрување на транспарентноста на високото образование;
2) модернизација на средното техничко стручно образование и обука и
3) подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации

Иновациските проекти беа оценувани, избрани и спроведувани во согласност со принципите, постапките и условите наведени во Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој; насоките за набавки; насоки за консултанти; насоките за спречување и борба со измамите и корупцијата во проекти финансирани со заеми од Светска банка и кредити и грантови од меѓународното здружение за развој и сите важечки Планови за управување со животната средина.

Корисници на средствата од заемот се Фондот за иновации и технолошки развој (9.159.750 евра) и Министерството за образование и наука (8.496.000 евра).

Фондот за иновации и технолошки развој средствата од заемот ги користеше за финансирање на следните инструменти:

- кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
- кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
- кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Постапката за селекција на предлог-проектите од четвртиот повик по инструментите Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации беше завршена на почетокот на годината. Во февруари 2018 година беа потпишани договори со вкупно 15 корисници, од кои 8 корисници од инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и 7 корисници од инструментот Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации.

Од вкупно доделените средства по овој повик, 803.908,04 евра беа кофинансирани од страна на Фондот, додека 337.171,60 евра беа сопствено кофинансирање од страна на корисниците.

Новите правилници за инструментите за поддршка Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Кофинансирани грантови за технолошка екстензија беа одобрени од страна на Светска банка и усвоени од страна Владата на РМ на 69-та седница оддржана на 22.05.2018 година.

Јавниот повик за инструментите Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Кофинансирани грантови за технолошка екстензија беше објавен на 29 мај 2018 година.

На повикот за инструментот Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори пристигнаа вкупно 13 апликации, а избрани за финансирање беа 3 бизнис акцелератори. Во текот на 2018 година беа потпишани договори со 2 акцелератори. Вкупниот буџет за сите три проекти беше 2 милиони евра од кои апликантите вложуваат 0,55 милиони евра сопствени средства, а Фондот во соработка со Светската банка обезбедува 1,45 милиони евра.

За инструментот Кофинансирани грантови за технолошка екстензија пристигнаа вкупно 8 апликации, а избрани за финансирање беа 4 проекти. Вкупниот буџет за сите четири проекти беше 3,2 милиони евра од кои апликантите вложуваат 1,8 милиони евра сопствени средства, а Фондот во соработка со Светска банка обезбедува 1,4 милиони евра.

Во првата половина на 2018 година Светска банка ги одобри измените на следниве правилници: Правилник за управување на инструментите на ФИТР, Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации. За истите беше обезбедена согласност од Владата на РСМ на 76-та седница одржана на 26.06.2018 година.

Во втората половина од 2018 година започна постапка за измена на Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации со цел усовршување на условите за аплицирање и финансирање предвидени во Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста. Целта на ваквото усогласување беше зголемување на атрактивноста на

инструментот за комерцијализација на иновации, односно одржување на континуиран интерес на потенцијалните апликанти кон овој инструмент и овозможување на еднаков третман на апликантите/корисниците преку двата правилници преку зголемување на износот на финансиска поддршка, воведување на различен износ на кофинансирање на микро и мали од една страна и средни претпријатија од друга страна и отстранување на условениот заем како вид на финансиска поддршка.

На 22.10.2018 година беше објавен нов повик за доделување на средства по инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф (Стартапувај) со вкупен буџет на повик од 1.000.000,00 евра. Повикот траеше до 11.12.2018 година, по што следеше административната проверка на предлог-проектите. На повикот беа примени 186 апликации при што вкупен побаран износ од ФИТР беше 5.285.330,93 евра, а износот на сопствено кофинансирање од страна на компаниите во фаза на аплицирање изнесуваше 1.558.177,82 евра.

### 4.3. Програма за рурален развој

Приходите на Фондот остварени од Програмата за рурален развој се користени за следните намени:

- Финансирање и спроведување на проекти поврзани со тематски предизвици и натпревари како и пилотирање на иновации во јавниот сектор

Во текот на 2018 година се изврши финална селекција од Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик. Апликантите нудеа решение/ја во една од следниве области: користење на енергија за греење: решенија со кои се намалуваат емисиите на загадувачки супстанци кои се резултат на греењето во домаќинствата и/или индустриските погони; Транспорт и мобилност: решенија со кои се намалуваат емисиите на загадувачки супстанци предизвикани од сообраќајот и/или Градежништво и урбани алтернативи: решенија со кои се намалува загадувањето предизвикано од градежната експанзија. Од вкупно пристигнатите 30 апликации, за финансирање беа одбрани 5, со кои беа потпишани и договори за финансирање. За реализација на проектите во рамки на повикот, беа доделени вкупно 7.711.697 денари кофинансирање од страна на Фондот, а средства во износ од 894.058 денари беа обезбедени преку сопствено кофинансирање на апликантите.

Јавниот повик за Предизвикот за млади истражувачи беше отворен до 15.02.2018 година. Целта на проектот беше да ги поттикне учениците слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија за проблемите и прашањата со кои секојдневно се соочуваат. Дополнително предизвикот придонесе да се поттикнат наставниците и наставничките, ученичките и учениците да ги препознаат способностите на учениците, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на остварување на заедничките цели. Повикот беше отворен за тимови од ученици од сите основни и средни училишта и се однесуваше на финансирање на предлог-проекти кои опфаќаат истражувачки активности со примена на

„научен метод“. Од вкупно пријавените 98 предлог-проекти, награди беа доделени на 20 истражувачки проекти, од кои 12 се од основни, а се од 8 средни училишта во вкупен износ од 4.149.698 денари.

На 23.03.2018 година беше отворен јавен повик – Предизвик за иновативно решение за обезбедување на #Оброк за сите. Основна цел на овој повик беше да се поттикне развојот и примената на иновативни решенија во различни сегменти на општеството за подобрување на квалитетот на живеење, односно системско и одржливо решение за обезбедување на храна за лица (семејства) со реална потреба од поддршка од заедницата и институциите. На повикот се пријавија 5 апликанти. По иницијатива на Фондот и Министерството за труд и социјална политика победничко решение ги обедини предлог-проектите на 3 апликанти. Вкупниот буџет за овој јавен повик изнесуваше 2 милиони денари. Потпишувањето на договорот со добитникот се очекува на почетокот на 2019 година. Идејното решение е со тенденција да се пилотира првенствено на подрачјето на Куманово, Прилеп и Скопје, а планот е понатаму да стане системско решение низ целата држава.

На 18.04.2018 година беше отворен јавен повик - Предизвик за изработка на информациски систем за управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај – ПристАпп. Целта на овој јавен повик беше услугите во јавниот сектор да фатат чекор со современите начини на комуникација и управување во секторот транспорт, бидејќи дигитализацијата на јавните услуги е процес кој зема замав со подемот на информациските технологии. Воведувањето на дигитални јавни услуги овозможува транспарентност, отчетност и еднаков, побрз и полесен пристап до јавните услуги за граѓаните и сите релевантни чинители. Истовремено, дигиталните технологии водат кон поврзување на локалната економија со глобалните трендови и придонесуваат кон исполнување на критериумите за слободно движење на стоки и услуги во рамки на Европската унија. Новиот систем ги опфаќа сите фази од постапката од електронското аплицирање во патничкиот линиски превоз, како и транспортот на стока, предвидени со Законот за превоз во патничкиот сообраќај, управување на постапките за одобрување решенија, па сè до издавање на лиценците и дозволите. На повикот се пријавија вкупно 5 апликанти. За финансирање беше одбран еден проект со кој на крајот на годината беше склучен договор во износ од 4.522.722 денари.

Со објавувањето на овие натпревари – предизвици беше пилотиран инструментот – Примена на иновации во јавниот сектор.

## 5. ДРУГИ ПРОГРАМИ НА ФОНДОТ

### 5.1. Фонд за мезанин и еквити инвестиции (во понатамошниот текст “ФЕМИ“)

Во текот на 2018 година беше изработен документот Indicative Termsheet кој заедно со останата пропратна документација за структурата и начинот на функционирање на ФЕМИ се разгледуваше со друштвата за управување на инвестициски фондови и други релевантни институции како Комисија за Хартии од Вредност и индивидуални експерти од областа од кои

беше побарано да дадат забелешки за содржината на овој документ и за инвестиционата стратегија на ФЕМИ. Истовремено започнаа разговори со инвестициски фондови од Европа и со инвестициони банки како IFC (Меѓународна финансиска корпорација) и Европска Инвестициска Банка во насока на нивно учество во ФЕМИ. Со основањето на ФЕМИ се предвидува доделување на средства на проектна основа, при што Фондот ќе стане дел од сопственичката структура на фирмата корисник.

### 5.2. Научно-технолошки парк

Основањето на Научно-техничкиот парк (во понатамошниот текст "НТП") е иницијатива на Владата на Република Македонија, а се спроведува од страна на ФИТР и Министерството за информатичко општество и администрација. Има за цел забрзан економски раст и побрз приклучок кон светските економски и општествени текови. Научно-технолошкиот парк е простор кој под еден кров нуди инфраструктура, услуги и пристап до финансии што ќе поттикнат раст базиран на ризик, знаење и иновации. Истовремено, Паркот ќе биде место за воспоставување контакт и соработка помеѓу академската заедница, студентите, бизнисите и инвеститорите.

Фондот во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација на 05.02.2018 год. започнаа со првата фаза за реализација на проектот за основање „Научно-технолошки парк". Обезбедена беше поддршка од страна на Европска комисија за изработка на студија на изводливост и акциски план за основање на научно-технолошки парк која ја подготвуваше група меѓународни експерти под раководство на тим лидерот Александер Баковски. Во рамките на оваа фаза следеа голем број на активности. Странскиот експертски тим, заедно со претставници на ФИТР оствари повеќе консултативни средби. Беа организирани неколку работни посети и средби, меѓу другото и со претставници на Машинскиот факултет Скопје, ФИНКИ и ФЕИТ, како и со претставници на неколку хабови, агенции за испитување на јавното мислење и со претставници на потенцијални корисници на услугите на идниот парк. Покрај кординативните активности беше изготвен и документ со интегрирани забелешки од сите релевантни инстутуции во врска со првичниот извештај. Во согласност со оваа проектна фаза беше изготвен и прашалник за над 500 испитаници од наведените сектори во тендерските услови за проценка на капацитетот и потенцијалите. Беше направена и проценка на лабораториските капацитети на дел од Универзитетите во Скопје, при што беа остварени над 15 средби со претставници на Техничките факултети, Медицински и Земјоделски факултет. Одржани беа и две тркалезни маси и неколку панел дискусии со претставници на ресорните министерства и со претставници на научно-истражувачки институции, универзитети, комори и невладини организации, на кои се дискутираше нацрт Анализата за избор на моделот за НТП. Нивните коментари и забелешки беа вклучени во финалната студија за изводливост која ја подготвуваа експерти финансирани од Европската Комисија. Прелиминарна верзија на студијата во која се содржани препораките за основање на идниот НТП беше доставена во декември 2018 година.

### 5.3. Национална канцеларија за трансфер на технологии

Во текот на 2018 година беа разгледувани можности за определување на идниот статус на канцеларијата за трансфер на технологии. Националната канцеларија ќе врши трансфер на технологии и други услуги во врска со раководење со договори за истражувања, поттикнување на соработка меѓу универзитетите и индустријата, поддршка на универзитетите и индустријата за активности поврзани со технологии и интелектуална сопственост. Беа вршени анализи и се разгледуваа можности за интегрирање на оваа канцеларија во идниот Научно-технолошки парк.

## 6. ПАРТНЕРИ

### 6.1. Партнерство со домашни институции и организации

Фондот имаше воспоставено соработка со Владата на Република Македонија, Министерство за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања и другите економски ресори, Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и рурален развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Државен завод за заштита на индустриска сопственост, Државен завод за статистика, Македонска банка за поддршка на развојот, Министерство за здравство и други владини институции, како и единиците на локална самоуправа.

Во рамките на соработката со Министерството за образование и наука, беше организиран натпревар за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи, а во рамките на соработката со Министерството за животна средина и просторно планирање се реализираше Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик.

Во рамки на соработката со Министерството за труд и социјална политика беше организиран јавниот повик - Предизвик за иновативно решение за обезбедување на предизвикот #Оброк за сите, додека јавниот повик - Предизвик за изработка на информациски систем за управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај беше реализиран во рамки на соработката со Министерството за транспорт и врски.

ФИТР во соработка со Министерството за финансии организираше “ФинХакатон“, чија цел беше да им се даде можност на младите луѓе да развијат идеи и производи, кои ќе им помогнат во нивната професионална афирмација, но ќе и послужат на целата македонска јавност. На 04.07.2018 година беше организиран Буткамп за “ФинХакатон“ кој се одржа во новите простории на Фондот во ГТЦ. На настанот присуствуваа претставници од

заинтересирани компании и поединци кои зедоа учество на хакатонот. Со овој предизвик организиран во просториите на Министерството за финансии од 6-8 јули 2018 година, седум тима се натпреваруваа и создадоа веб апликација, видеа и игра за Граѓански буџет http://budget.finance.gov.mk/, производи кои го направија Буџетот на Република Македонија уште подостапен и транспарентен за граѓаните.

На 27.12.2018 година Фондот со Министерството за здравство потпиша меморандум за соработка со државата Израел за соработка во областа иновации во здравството, со кој меѓу другото се предвидува обука за здравствени работници и поттикнување на развој и примена на иновации во здравствениот сектор.

Фондот соработуваше и со другите институции кои обезбедуваат поддршка на секторот за микро, мали и средни претпријатија и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции и други активности.

### 6.2. Соработка со меѓународни партнери

Фондот воспостави и ја развиваше соработка и со меѓународните институции, како што се: Светска банка, Европска комисија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ и други институции/организации за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели.

Фондот ја одржуваше соработката со Светска банка во насока на градење и зголемување на капацитетите на ФИТР, во делот на мониторинг на финансираните проекти, како и во делот на спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации.

Во рамки на соработката на Фондот со SECO EP (Swiss State Secretariat for Economic Affairs Enterpreneurship Project) поддржан од Свис контакт (Swisscontact), беа организирани два бут кампови (boot camps). Првиот беше за апликантите од Планот за економски раст кои ја поминаа фазата на предселекцијата, додека вториот бут камп беше наменет за сите заинтересирани за аплицирање во Фондот за иновации и технолошки развој. Целта на овие бут кампови беше овозможување на дополнителна обука на апликантите заради подобрувања на определени делови од нивните апликации.

Во соработка со странски партнери и меѓународни донатори, Фондот ги спроведуваше следните активности:

- Канвас за иновации

Во рамки на проектот „Канвас за иновации: пат кон зајакнување на националниот иновациски еко-систем - студии на оддржливост“ што го спроведуваше Делегацијата на ЕУ во соработка со Фондот, беше поднесен нацрт на физибилити студијата која содржи анализа на состојбите во иновацискиот еко-систем. Главната цел на проектот беше/е поддршка на развојот на иновацискиот еко систем во земјата, додека специфичните цели се: проценка на националниот иновациски еко-систем со фокус на институциите и мерките поврзани со иновации и технолошки развој, како и развој на нови инструменти и мерки за подршка на

иновации и технолошки развој во претпријатијата. Финалниот извештај треба да биде одобрен од страна на Владата на РМ и Делегацијата на ЕУ до крајот на мај 2019 година.

- Проект за прекугранична соработка - CBC Innov8

Проектот Иновациски еко-систем во прекуграничната област (CBC Innov8) како дел од ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија официјално започна на 01.01.2018 година и ќе трае во наредните 28 месеци. Фондот во овој проект е во партнерство со Еуропартнерс Дивелопмент од Албанија (водечки партнер), Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ) Македонија и Агенција за истражување, технологија и иновација од Албанија (АРТИ). Целта на проектот беше/е да се да се зголеми конкурентноста и трговијата во областа на прекуграничната соработка, преку олеснување на трансферот на know-how технологии меѓу старт-ап и мали и средните претпријатија. Во текот на годината се вршеа анализи на иновативниот потенцијал во регионот, консултации со претставници на Охридскиот и Битолскиот Универзитет за вклучување во проектот, се подготвуваше и проектна документација за потпишување на Меморандум за соработка и се работеше на формирање на меѓусекторска иновациска платформа. Во рамките на овој проект беа одржани повеќе консултативни средби меѓу партнерите во проектот. Беше остварена и посета на општина Охрид каде на средба со градоначалникот се разговараше за можностите за поддршка и избор на локакција за идниот иновациски хаб. Во последното тромесечие од годината се вршеше подготовка и спроведување на тендери за воспоставување на иновацискиот хаб при Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Една од активностите на проектот е и доделување на грантови за иновативни проекти за што во текот на следната година се планира објавување на јавен повик за овој пограничен регион.

- UPSHIFT програма

UPSHIFT е програма развиена од страна на УНИЦЕФ, а има за цел преку решавање на социјални проблеми и предизвици да им помогне на младите луѓе да развојат нови вештини, да научат повеќе за социјалното претприемништво и да стекнат нови пријателства. Програмата ја реализира ЦЕЕД Хаб Скопје со поддршка на Фондот, УНИЦЕФ, Министерството за образование и наука и Бирото за образование, а беше наменета за младите луѓе на возраст помеѓу 13 и 19 години кои треба да креираат претприемачките решенија за општествените проблеми и да се здобијат со претприемачки вештини кои ќе им помогнат при вработувањето. Во рамки на оваа програма во текот на 2018 година беа реализирани две работилници на кои своите предлог проекти ги презентираа 20 најдобри предлог проекти од кои 10 добија парична награда за реализација на проектите.

- SME Innovation Capacity Boost

Фондот, во улога на набљудувач учествуваше во проектот SME Innovation Capacity Boost во рамки на програмата Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020. Целта на проектот беше засилување на транснационалниот иновативен капацитет на МСП од селектираните приоритетни сектори, како и да ги поддржи иновативните МСП во градењето на одржлива мрежа со други МСП во балканскиот и медитеранскиот регион со цел размена на знаења и развој на иновации. Во текот на годината главно се развиваше заеднички интерактивен портал како систем преку кој МСП ќе ги добијат потребните информации и алатки за зголемување на

нивната конкурентност на пазарот. Проектот покрај нашата вклучуваше уште 4 земји членки од регионот: Бугарија, Албанија, Грција и Кипар.

## 7. ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во 2018 година Фондот континуирано организираше информативни настани, средби, конференции и панел дискусии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на ФИТР. Овие активности придонесуваа кон подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог проектите. Дополнително зголемена вредност на целиот процес беше и вклучување на релевантните институции, организации и научната јавност во изготвување на нови инструменти на Фондот и адаптација на постоечките кон актуелната состојба.

Листата на настани вклучуваше учество и организација на работилници, инфо сесии, конференции, секторски работни групи при Владата, работилници во Стопанските комори, прес конференции поврзани со објавувањето на јавните повици за финансирање и промоција на останатите активности на Фондот; свечени настани за доделување на договори за кофинансирани грантови; регионални работилници и работни средби со претставници од регионот на теми поврзани со иновации, инвестирање, стратешки партнерства и конкурентност; специфични настани наменети за млади со млади; како и бројни други настани поврзани со тековните активности на Фондот.

Фондот во рамки на своите активности на 01.11.2018 година организираше јавна дебата за Протокол за справување со апликанти кои во сопственичката структура имаат носител на јавна функција. Протоколот беше изработен заедно со „Транспарентност интернешнал Македонија“ и од септември 2018 година започната е негова задолжителна примена при аплицирање на сите инструментите на ФИТР. Фондот кон крајот на 2018 година потпиша и Меморандум за соработка со „Транспарентност интернешнал Македонија“ со кој определија области на проширување на соработката, меѓу кои добро корпоративно работење, интегритетот, истражување, развој и други видови на соработка.

Во текот на 2018 година, одржани беа над 40 инфо-сесии во неколку градови низ земјата, чија цел беше запознавање на потенцијалните апликанти со правилата и критериумите за аплицирање на повиците.

На ниво на програми особено внимание беше посветено на односите со медиумите. Фондот во медиумите препозна значаен партнер за промоција на своите активности и инструменти. Медиумите беа вклучени и ги пренесуваа новостите и информациите поврзани со работата на ФИТР. Дополнително беше воспоставена редовна пракса за испраќање на прес соопштенија за инструментите за поддршка и активностите на Фондот. Одделението задолжено за односи со јавност започна со одржување на повремени брифинзи и консултации со претставници на медиумите и новинари.

На веб страната на Фондот континуирано се објавуваа информации и извештаи за сите настани и активности поврзани со работата на Фондот, а постојано беше обновувана содржината во делот на регулативата.

Оваа година Фондот се фокусираше на зголемена присутност на социјалните медиуми (Фејсбук и твитер) каде посетеноста и интеракцијата од следбениците беше видливо зголемена од 4.875 (1 јануари 2018г.) на 18.504 (заклучно 31 декември 2018г.).

Во февруари 2018 година Фондот потпиша Меморандум за соработка факултети.мк, чија цел беше утврдување на рамка во која се реализираше соработката меѓу ФИТР и Факултети.мк, како интернет платформа која работи на промоција и поддршка на иницијативи и активности во доменот на образованието и културата, новите технологии и иновации и економија. Овој меморандум е од особена важност за спроведување на политиките за млади на ФИТР. Меѓусебната соработка се реализираше во различни домени, како: спроведување на заеднички проекти од истражувачки, развоен и научен карактер; заеднички едукативни и промотивни активности; проширување на мрежата на соработка со други институци и организации; стручна помош и анализа за конкретни проекти и потфати и сл.

## 8. ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

Во текот на повиците поврзани со Планот за економски раст и за инструментите Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератор, Кофинансирани грантови за технолошка екстензија како и Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, на потенцијалните апликанти им беше овозможена техничка помош од домашни консултанти на пет теми поврзани со иновациите и општите услови на јавниот повик.

Корисниците на Фондот користеа техничка помош поврзана со нивните проекти обезбедена од страна на резидентниот консултант Питер Моѓуроши. Консултантска помош беше обезбедена за корисниците од третиот, четвртиот повик и од О2 предизвикот. Питер Моѓуроши, пред заинтересирани претставници на компании од приватниот сектор, одржа 2 работилници посветени на новиот јавен повик за „Бизнис акцелератор за млади''.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 9.1. Организациска структура

Организациска структура во Фондот за иновации и технолошки развој:

- Директор
- Сектор за програмски активности

- Одделение за подготовка на програми
- Одделение за спроведување на програми
- Сектор за општи и правни работи и финансии
  - Одделение за правни работи, јавни набавки и архива
  - Одделение за финансии и сметководство

До крајот на 2018 година во Фондот имаше вкупно 7 вработени, од кои 3 лица беа вработени на неопределено, а 4 лица на определено време. Согласно Годишниот план за вработување за 2018 година, беа предвидени 3 унапредувања и 6 нови вработувања на административни службеници. Врз основа на планот, во текот на 2018 година беше објавен оглас за унапредување на 3-ца административни службеници во Фондот, кој беше реализиран во декември оваа година. Постапката за предвидените нови вработувања од Годишниот план беше започната во декември 2018 год. и истата ќе се финализира во текот на наредната година. Со цел зајакнување на капацитетите на Фондот, а врз основа на потребите на истиот, во текот на 2018 година дополнително се ангажираа и определен број на лица со договор за дело и 2 лица, кои се ангажирани преку Проектот за развој на вештини и иновации. Ангажирани беа и две компании, од кои едната обезбедуваше правни услуги, а другата обезбедуваше образовни услуги и услуги за стручно усовршување за потребите на Фондот.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Фондот продолжува во исполнување на следните активности:

- Планирање на обуки и нивно усогласување со потребите на организацијата
- Прегледност и достапност на информации за сите вработени

Листата настани и обуки на кои присуствуваа вработени од Фондот во текот на 2018 година вкучува учество на: настан во Италија (Испра-Варесе) поврзан со смарт специјализација; двонеделна обука во Collegue of Europe поврзана со приближувањето на Западен Балкан кон ЕУ како втор дел од програмата “ЕУ шема за млади професионалци”; учество на трет дел од тренинг програмата „ЕУ шема за млади професионалци“ - регионална размена во Приштина; работилница организирана од Regional Cooperation Council на тема “Смарт специјализација на Западен Балкан: Како да се отпочне процесот за смарт специјализација” која се одржа во Љубљана; Конференција за памента специјализација организирана во Софија од ЕУ Секретаријатот за истражување; завршна конференција на програмата EU Scheme for young professionals in Western Balkans во Подгорица; учествуво во комисија за пичинг на настанот Balkan Technology Match организиран од YES Incubator во Скопје; Работилница за истражувачка инфраструктура и договроно истражување во Сараево; Меѓународна конференција DIGITALKS, во Приштина; учество на TAIEX експертска мисија за подготовка на Програмата за економски реформи во Министерство за финансии; присуство на конференција Sarajevo Unlimited како и работилници и обуки поврзани со финансиското работење и примената на законската регулатива.

Фондот ќе продолжи со циклусот на студиски посети и обуки, како дел од градење на капацитетите на Фондот.

### 9.2. Управување

Во 2018 година **Управниот одбор** одржа 24 седници.

Во делокругот на работата на Управен одбор во текот на 2018 година, со одлуки беа донесени или усвоени следните документи и акти на Фондот:

- Годишен извештај за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2017 година;
- Одлука за зголемување на буџетот за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – О2 Предизвик;
- Планот за јавни набавки за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за објава на јавен оглас за избор на Директор на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за предлог среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на мирко, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година;
- Усвојување на Попис за 2017 година;
- Усвојување на предлог - текст на Јавен повик за финансирање проекти за социјално претприемништво „Предизвик за иновативно решение за обезбедување #ОброкЗаСите";
- Одлука за избор на Друштво за ревизија за 2017 година;
- Правилник за Мерка 1: Финансиска поддршка на мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели");
- Правилник за Мерка 2: Посебна Финансиска поддршка за микро претпријатија;
- Правилник за Мерка 3: Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за подобрување на иновативноста;
- Правилник за Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица;
- Усвојување на предлог - текст на Јавен повик за финансирање на проект Предизвик за изработка на информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај;
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели");
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за микро претпријатија;
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста;
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица;
- Дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за иновации и технолошки развој;

- Информација за предлог - текст на Јавен повик за финансирање на предлог проекти (во рамки на столб 3 од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија);
- Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица;
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за технолошка екстензија;
- Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератор;
- Донесување на предлог - Правилник за управување на инструментите за поддршка;
- Информација за Јавен повик за избор на стручни лица за евалуација на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица;
- Одлука за продолжување на рокот за аплицирање по Јавен повик за финансирање проекти за социјално претприемништво „Предизвик за иновативно решение за обезбедување #ОброкЗаСите".
- Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап испин-оф;
- Одлука за зголемување на буџетот за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи;
- Усвојување на Дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за промена на седиштето на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за доделување на финансиски средства на Месната Заедница Галичник.
- Одлука за искористување на целиот износ на средства за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој за ММСП (во рамки на столб 3 од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија) предвиден за тековната 2018 година;
- Информација за измена на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година;
- Информација за предизвикот ФинХакатон организиран во соработка со Министерство за финансии;
- Одлука за доделување на финансиски средства за поддршка на иновативни решенија наградени по ФинХакатонот.
- Одлука за одобрување на Ревизорскиот извештај за 2017 година на Фондот за иновации и технолошки развој;

- Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2017 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за измена на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за доделување на финансиски средства за поддршка на настан - Годишна конференција за е-трговија под назив "е-трговија: е-Иднината за е-Македонија";
- Одлука за доделување на финансиски средства за поддршка на настан Startup Weekend";
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за иновации и технолошки развој;
- Измената на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Измена на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на мирко, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година;
- Одлука за доделување на финансиски средства за поддршка за учество на натпревар "Google Enterepreneur Challenge".
- Измената и дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- Одлука за доделување на финансиски средства за поддршка за учество на 15-та Меѓународна олимпијада по природни науки;
- Одлука за донесување на Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
- Одлука за Програма за изменување и дополнување на Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година.
- Одлука за Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година;
- Одлука за Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година;

**Комитетот за одобрување инвестиции** (во понатамошниот текст "КОИ") во 2018 година одржа 7 седници.

Првата седница беше одржана од 27-29.01.2018 година. Во рамките на оваа седница беше одржан пичинг на предлог-проекти од четвртиот повик од инструментот кофинансирани грантови за новоосновани друштва старт-ап и спин-оф и кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации и на истата беа донесоа одлуки за финансирање на предлог-проекти по двата инструмента.

Втората седница беше одржана од 07-09.07.2018 година. На истата беше одржан пичинг за предлог-проектите и беа донесени одлуки за финансирање на предлог-проекти по следниве инструменти од третиот столб на владиниот План за економски раст: Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели"), Кофинансирани грантови за микро претпријатија и Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста.

Третата седница беше одржана на 17-24.08.2018 година. На оваа седница беше одржан пичинг за предлог-проектите и беа донесени одлуки за финансирање на предлог-проекти по следниве инструменти: Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на

деловно-технолошки акцелератори и кофинансирани грантови за технолошка екстензија. На оваа седница беше донесен и нов Правилник за работа на Комитетот за одобрување на инвестиции.

На четвртата седница која беше одржана на 17-18.10.2018, на која се разгледуваше дополнителна документација од корисници за инструментот Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и се донесоа одлуки за финансирање на предлог-проекти за истиот. На истава седница беа разгледувани и други барања од корисници.

Петтата седница беше одржана на 16.11.2018 година, на која беа донесени препораки за одбиени апликанти за инструментот Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори; и се разгледуваше дополнителна документација за неколку предлог-проекти.

Шестата седница беше одржана на 01-03.12.2018 година. На оваа седница беа презентирани подобрени апликации од корисници кои претходно биле на буткампот и други останати одлуки.

Седмата седница воедно и последна за 2018 година беше одржана на 14.12.2018 година и беше електронска. На оваа седница, меѓу другото, беа донесени предлог-одлуки за селекција на грантови за следните инструменти: Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“) (втора група) и Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста (втора група).

## 10. НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА

Целта на надзорот беше да се следи напредокот на проектите и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и согласно процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектите. Методите на надзор вклучуваат:

- разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот;
- теренски посети на корисниците;
- евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа.

Во согласност со утврдените процедури за евалуација на пристигнатите апликации, во 2018 година корисниците на грантови од вториот, третиот и четвртиот повик од инструментите за поддршка од Светска банка и корисниците од предизвиците, доставуваа квартални и завршни извештаи согласно процедурите на Фондот. Истите беа разгледувани и одобрувани од соодветниот мониторинг тим составен од вработени на Фондот. За сите корисници од четвртиот повик чии проекти започнаа во 2018 година беа одржани инфо сесии за имплементација на проектите.

Сите корисниците од првиот, вториот и третиот повик чии проекти биле завршени до крајот на 2017 година ги доставија своите шестмесечни извештаи во предвидениот период. 16 корисници имаат уплатено средства по основ на ројалти во износ од 616.404 денари.

Беа одобрени 29 извештаи (квартален и завршен) и спроведени 3 теренски посети на корисниците на грантови. Теренските посети вклучуваа посета на деловниот простор на корисникот и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на истиот (пр. придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на договорот за доделување средства и тн.).

## 11. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Фондот за 2018 година имаше вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми, Буџет од Програма за рурален развој и Буџет од донации - Албанија во износ од 311.579.132 денари, додека вкупно реализирани до 31.12.2018 година беа расходи во износ од 250.557.861 денари што претставува 80.42 % реализација на планот.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, планирани расходи од Основен буџет беа 219.245.000 денари, а реализирани беа 216.399.483 денари или 98,70% реализација на планот (Табела 1). Заклучно со 31.12.2018 година, Фондот имаше 808.918 денари неплатени обврски за добавувачи од земјата (Табела 5). Салдото во девизната благајна на 31.12.2018 е 0 (нула) евра и во денарската благајна е 0 (нула) денари. Во Прилог 1 на овој годишен извештај е финансискиот извештај за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Табела 1. Преглед на Финансиски Расходи за 2018 година**

| Конто | Опис на конто | План за Расходи од Основен буџет | Реализација од Основен буџет заклучно со 31.12.2018 | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 3.476.000 | 3.469.863 | 6.137 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.284.000 | 1.283.382 | 618 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 5.270.000 | 5.146.190 | 123.810 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.300.000 | 1.080.998 | 219.002 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 750.000 | 581.219 | 168.781 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.000.000 | 938.287 | 61.713 |
| 425 | Договорни услуги | 30.888.000 | 28.815.239 | 2.072.761 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.155.000 | 2.004.988 | 150.012 |
| 464 | Разни трансфери | 172.227.000 | 172.224.167 | 2.833 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 895.000.00 | 855.150 | 39.850 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **219.245.000** | **216.399.483** | **2.845.517** |

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, планирани расходи од буџет од заеми беа 51.450.000 денари, а реализирани беа 22.485.297 денари или 43,70% реализација на планот (Табела 2). Фондот за иновации и технолошки развој средствата од заемот ги користише за финансирање на следните инструменти: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

**Табела 2. Расходи за буџети од заеми**

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2018 година |
|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 51.450.000 | 22.485.297 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **51.450.000** | **22.485.297** |

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, планирани приходи од Програмата за рурален развој беа 32.734.132 денари, од нив потрошени беа 11.548.870 денари (табела 3). Средствата од оваа програма беа наменети за исплата на Комитетот за одобрување на инвестиции, за исплата на средства по тековните повици за корисниците на инструментите на Фондот, за исплата на стручни лица за евалуирање на проекти, за исплата на средства по објавениот Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија, за исплата на средства по Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи 1.

**Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2018 година |
|---|---|---|---|
| 421 | Комунални услуги греење, комуникација и транспорт | 75.040 | 75.040 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 110.845 | 110.845 |
| 425 | Договорни услуги | 3.422.814 | 3.422.814 |
| 426 | Други тековни расходи | 44.609 | 44.609 |
| 464 | Разни трансфери | 29.080.824 | 7.895.562 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **32.734.132** | **11.548.870** |

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, планирани расходи од буџет од донации беа 8.150.000 денари, а реализирани беа 124.211 денари или 1.52% реализација на планот (Табела 4). Целта на проектот беше да се да се зголеми конкурентноста и трговијата во областа на прекуграничната соработка, преку олеснување на трансферот на know-how технологии меѓу старт-ап и МСП.

**Табела 4. Буџет од донации - Албанија**

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализациј а заклучно со 31.12.2018 година |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 200.000 | 0 |
| 421 | Комунални услуги греење, комуникација и транспорт | 450.000 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 2.900.000 | 124.211 |
| 426 | Други тековни расходи | 800.000 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 2.500.000 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.300.000 | 0 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 8.150.000 | 124.211 |

**Табела 5. Обврски на 31.12.2018 година**

| Конто | Опис на конто | Износ |
|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 34.939 |
| 421 | Поправки и тековно одржување | 238.120 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 13.550 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 19.996 |
| 425 | Договорни услуги | 375.543 |
| 426 | Други тековни расходи | 53.020 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 73.750 |
| | Вкупно обврски за 2017 година | 808.918 |

На наменската сметка за Фондот за еквити и мезанин инвестиции во текот на 2018 година нема реализација, односно износот е 50.000.000 денари.

## 12. ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година Фондот ги реализираше планираните активности според динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2018 година и Годишниот финансиски план за 2018 година.

Во текот на годината, Фондот објави осум јавни повици. Вкупниот број на потпишани договори по сите јавни повици и соодветните инструменти и предизвици во текот на 2018 година е 129.

Како носител на третиот столб на економски мерки – поддршка за развој на мали и средни бизниси, Фондот учествуваше во реализација на Планот за економски раст на Владата. Јавниот повик поврзан со Планот за економски раст овозможи финансирање на корисници преку 4 нови инструменти за поддршка. Во рамки на јавниот повик поврзан со

Планот за економски раст беа одобрени за финансирање вкупно 133 проекти, а до крајот на 2018 година беа потпишани вкупно 86 договори со корисници. Потпишувањето на договорите продолжува и во 2019 година.

Од основањето на Фондот до 31.12.2018 година, 31 од финансираните проекти преку инструментите од Светска банка се успешно завршени, 4 проекти се во фаза на одобрување на нивниот завршен извештај, 16 проекти се во фаза на имплементација и 1 проект е предвремено прекинат по барање на корисникот. Преку 51-те поддржани проекти од инструментите од Светска банка предвидено е да се мобилизираат (преку сопствено кофинансирање од страна на корисниците) вкупно 758.103 евра приватни средства за истражување, развој и комерцијализација на иновации од страна на МСП корисниците на Фондот.

Во текот на 2018 година Фондот ја продолжи соработката со постоечките партнер институции, а реализираше и иницираше соработка со други домашни и меѓународни институции и организации кои обезбедуваат поддршка во секторот на иновации.

Организирани беа информативни настани, средби, конференции и инфо-сесии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот за иновации и технолошки развој и подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог-проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Фондот за 2018 година имаше вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми, Буџет од Програма за рурален развој и Буџет од донации - Албанија во износ од 311.579.132 денари, додека вкупно реализирани до 31.12.2018 година беа расходи во износ од 250.557.861 денари што претставува 80.42% реализација на планот.

Вкупните приходи на Фондот за 2018 година беа планирани во износ од 311.579.132 денари, и тоа од Основен Буџет на РМ во износ од 216.399.483 денари, од Задолжување кај Светска Банка во износ од 22.485.297 денари, Програмата за рурален развој во износ од 11.548.870 денари и од Буџет на донации – Албанија во износ од 124.211 денари. Воедно Фондот реализираше приходи од самофинансирање во износ од 731.349 денари од уплата на ројалти од страна на корисници на грантови.

Дел. Бр. 01-514/12
20.01.2020, Скопје

Претседател на Управен одбор
на Фонд за иновации и технолошки развој
Моника Јованова

## 13. ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Финансиски извештај за расходи во период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година**

| Конто | Опис на конто | Основен Буџет 2018 (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2018 (денари) |
|---|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | **3.476.000** | **3.469.863** |
| 401110 | Основни плати - функционери | | 1.185.617 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | | 1.978.565 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | | 28.885 |
| 401160 | Работа на определено време | | |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 276.796 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **1.284.000** | **1.283.382** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 855.580 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | | 346.990 |
| 402220 | Основни придонеси за професионално заболување | | 23.765 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенција за вработување | | 57.047 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **5.270.000** | **5.146.190** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневници) | | 1.285 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | | 10.420 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | 304.163 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | | 1.000 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 268.189 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | | 4.357.873 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | | 203.260 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **1.300.000** | **1.080.998** |
| 421110 | Електрична енергија | | 138.754 |
| 421120 | Водовод и канализација | | 10.783 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 24.859 |
| 421210 | Централно греење | | 251.639 |
| 421310 | Пошта | | 43.271 |
| 421320 | Телефон и телефакс | | 386.122 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | | 47.970 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | | 32.740 |
| 421430 | Транспорт на стоки | | 40.120 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 104.740 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **750.000** | **581.219** |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 68.259 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | | 113.664 |
| 423210 | Материјали за АОП | | 7.800 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалаци | | 313.489 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 28.897 |
| 423810 | Ситен инвентар | | 49.110 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **1.000000** | **938.287** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вкл.резервни делови, гуми) | | 1.555 |
| 424210 | Одржување на згради | | 757.454 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 136.088 |
| **424440** | Поправки и одржување на друга опрема | | 43.190 |
| **425** | **Договорни услуги** | **30.188.000** | **28.815.239** |
| 425110 | Изнајмување на канцелариски простор | | 2.668.145 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | | 775.272 |
| 425140 | Изнајмување на канцелариска опрема | | 21.656 |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | | 32.938 |
| 425220 | Банкарски провизии | | 75.340 |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | | 592 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | | 14.047 |
| 425310 | Правни услуги | | 1.226.663 |
| 425790 | Други образовни услуги | | 2.687.621 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 21.101 |
| 425970 | Консултантски услуги | | 171.700 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 21.120.164 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **2.155.000** | **2.004.988** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 719.986 |
| 426310 | Семинари и конференции | | 151.970 |
| 426410 | Објавување на огласи | | 917.032 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 216.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **172.227.000** | **172.224.167** |
| 464990 | Други трансфери | | 172.224.167 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **895.000** | **855.150** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 598.500 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | | 35.400 |
| 480190 | Купување на друга опрема | | 221.250 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **219.245.000** | **216.399.483** |

**Табела 2. Расходи за буџети од заеми**

| Расходи за буџети од заеми | | | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на конто** | **Буџети од заеми (денари)** | **Реализација заклучно со 31.12.2018 година** |
| **464** | **Разни трансфери** | 51.450.000 | 22.485.297 |
| 464990 | Други трансфери | | 22.485.297 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **51.450.000** | **22.485.297** |

**Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој**

| Расходи за Програма за рурален развој | | | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на конто** | **Планиран износ од Програма за рурален развој (денари)** | **Реализација заклучно со 31.12.2018 година** |
| **421** | **Комунални услуги греење и транспорт** | **75.040** | **75.040** |
| 421110 | Електрична енергија | | 5.860 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 2.611 |
| 421210 | Централно греење | | 66.569 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **110.845** | **110.845** |
| 424210 | Одржување на згради | | 110.845 |
| **425** | **Договорни услуги** | **3.422.814** | **3.422.814** |
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | | 59.260 |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | | 18.449 |
| 425220 | Банкарска провизија | | 17.280 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 3.327.825 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **44.609** | **44.609** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 4.200 |
| 426310 | Семинари и конференции | | 2.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | | 38.409 |
| **464** | **Разни трансфери** | 29.080.824 | **7.895.562** |
| 464990 | Други трансфери | | 7.895.562 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **32.734.132** | **11.548.870** |

**Табела 4. Буџет од донации - Албанија**

| Расходи за буџет од донации – Албанија | | | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на конто** | **Буџети од заеми (денари)** | **Реализација заклучно со 31.12.2018 година** |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | 200.000 | 0 |
| **421** | **Комунални услуги греење, комуникација и транспорт** | 450.000 | 0 |
| **425** | **Договорни услуги** | 2.900.000 | 124.211 |
| **425990** | **Други договорни услуги** | | 124.211 |
| **426** | **Други тековни расходи** | 800.000 | 0 |
| **464** | **Разни трансфери** | 2.500.000 | 0 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | 1.300.000 | 0 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **8.150.000** | **124.211** |